Од 4 до 7 март 2014 г. во Маврово се одржа обуката за раководење со проектен циклус како дел од програмата „Оспособување на жените погодени во конфликтот (ОЖП)“.



На обуката учествуваа членови на 12 граѓански организации кои работат со маргинализирани групи и дејствуваат во кумановскиот, скопскиот и тетовскиот регион, односно од целното подрачје на ОЖП. Учесниците се запознаа со сите фази и елементи од развивањето на проекти, а најголемо внимание предизвика буџетирањето. Покрај теоретското знаење, учесниците во група имаа и практична работа, поточно подготвуваа проектна рамка чекор по чекор и ги презентираа подготвените проекти во сите фази.



За учесниците обуката беше многу ефективна и стекнаа практични вештини за подготовка на проект. Ердал Мусли од Дерја, истакна дека стекнатите вештини и дадените материјали значително ќе помогнат на развојот на нивната организација. „Примерите и наставата беа многу практични и лесни за примена и ќе ги сподели со другите членови“, изјави тој.

Проектот „ Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот “ е финансиран од Европската Унија во рамките на

4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), а го спроведува МЦМС со партнерите со цел да се поддржи пристапот на жените погодени од конфликтот до пазарот на трудот.